773

До

Националната комисија за учебници при

Министерството за образование и наука на

Република Северна Македонија

**ПРЕДМЕТ: Извештај на членот известител проф. д-р Михајло Марковиќ за наставниот предмет Јазик и култура на Ромите (изборен) за VII одделение во основното образование**

Согласно одлуката на Националната комисија за учебници, донесена на својата седница одржана на 25.6.2026 година, избран сум за член известител за наставниот предмет **Јазик и култура на Ромите (изборен) за VII одделение во основното образование**. По разгледување на материјалите доставени од Педагошката служба при Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија по електронски пат на 30.6.2026 година, а согласно член 9 и член 14 од Законот за учебници во основно и средно образование, објавен во Службен весник на РСМ, бр. 3 од 3.1.2025 година, го поднесувам следниот

**ИЗВЕШТАЈ**

**Јазик и култура на Ромите (изборен) за VII одделение во основното образование**

Бирото за развој на образованието согласно дописот на Педагошката служба на МОН со бр. 26-52/11 од 28.4.2026 година, доставило стручно мислење за ракописот **Јазик и култура на Ромите (изборен) за VII одделение во основното образование**, со архивски бр. 26-52/12 од 22.5.2026 година, потпишано од Сузана Кадри. Тие напишале детални стручни и аргументирани мислења за ракописот, каде се вели дека неговата содржина ја следи и има усогласеност со наставна програма за **Јазик и култура на Ромите (изборен) за VII одделение во основното образование** и дале генерално **позитивно мислење** за истиот.

Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Зоранчо Малинов, Сонита Демировска и Себа Ибраим, дава стручно сумарно мислење бр. 26-52/22 од 17.6.2026 година за учебникот по **Јазик и култура на Ромите (изборен) за VII одделение во основното образование**. По разгледувањето на ракописот и детална анализа на истиот, согласно методологијата за вреднување, забелешките и стручното мислење на членовите на комисијата, дадено е **позитивно** мислење на ракописот во кое се вели дека ракописот во целост ги опфаќа планираните наставни единици на наставната програма и се разработени сите поими предвидени со наставната програма.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно наведеното, мислењата на Бирото за развој на образованието и на Рецензентската комисија, на членовите на Националната комисија за учебници како член известител за наставниот предмет **Јазик и култура на Ромите (изборен) за VII одделение во основното образование** им предлагам да ги прифати позитивните Извештаи на Бирото за развој на образованието и на Рецензентската комисија за ракописот и да се продолжи понатамошната процедура за издавање и употреба на истиот.

Тетово, 7.7.2026 година

Известител,

проф. д-р Михајло Марковиќ

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCES
Педагошка Служба - Shërbimi Pedagogjik
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 08 JUL 2026 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. Един. Njesia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 26 | 773/2 | | |